Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик и литература за IV (четврта) година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

Број на часови на наставниот предмет Македонски јазик и литература во текот на **145 наставни дена:**

- **број на часови неделно: 4 часа**
- **број на часови годишно: 116 часа**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик и литература се базира на конкретните цели коишто што произлегуваат од наставните единици предвидени со наставната програма за овој наставен предмет - Македонски јазик и литература за четврта година на гимназиското реформирано образование што редовно се реализира во согласност со утврдениот Наставен план. Со скратенета програма се утврдуваат определени програмски подрачја и наставни единици што треба да се реализираат за 145 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за овој наставен предмет во согласност со предвидените четири часа неделно во скратената програма треба да се предвидат 116 часа.

Предметот Македонски јазик и литература е темелен општообразовен предмет кој во себе интегрира две самостојни подрачја: Јазик и Литература, застапени со понуден ориентационен број на часови, чии содржини треба да се реализираат како нераскинливо единство. Ова произлегува од заедничките функционални и дидактичко-методски цели (јазично-перцептивните и литературно-перцептивните способности и умеења на учениците, изразните способности и умеења на учениците поврзани со рецепција и креацијата на најразлични видови текстови, јазикот како основа на литературата и литературата како најсложен јазичен код).

Оваа скратена наставна програма е програма за текот на наставата и учењето по наведениот предмет, за наставниците е појдовна точка и педагошка основа за развивање на наставата и учењето, за планирањето на годишните и дневните планови, како и непосредната подготовка за работа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од конкретните цели, определените поими, методите на наставата и учењето и активностите на учениците утврдени со целокупната наставна програма. На патот на остварување на целите и резултатите од учењето, улогата на наставникот е многу значајна, бидејќи програмата дава простор за слободен избор за поврзување на содржините, методите на настава и учење и активностите на учениците.

## 2. Преглед на наставни единици

| Ред бр. | **<u>Програмско подрачје Јазик</u>**<br><br>**Наставни единици** | **Број на предложени часови за реализација** |
|---|---|---|
| 1. | Стилистика на јазикот и литературна стилистика; основи на стилистичките проучувања | 1 |
| 2. | Стил. Дефиниција на стилот во областа на јазикот | 1 |
| 3. | Тропи или фигури на значењето:епитет, метафора, метонимија, синегдоха, споредба, хипербола, литота, иронија, сарказам, перифраза, персонификација и др. | 4 |
| 4. | Фигури на формата: повторување (гласови, зборови, изрази), додавање, испуштање, градација, антитеза, словенска антитеза, реторско прашање и други | 4 |
| 5. | Јазични изразни средства од стилистичка гледна точка ─ лексички изразни средства | 2 |
| 6. | Зборообразувачки изразни средства | 2 |
| 7. | Фразеолошки изразни средства | 2 |
| 8. | Фонетско-фонолошки изразни средства | 2 |
| 9. | Морфолошки изразни средства | 2 |
| 10. | Синтаксички изразни средства | 2 |
| 11. | Графичко претставување на текстот<br>Мимика и гестови; интонација | 2 |
| 12. | Функционално раслојување на јазикот ─ разговорен функционален стил | 2 |
| 13. | Уметничколитературен и публуцистички функционален стил | 2 |
| 14. | Административен и научен функционален стил | 2 |
| 15. | Предмет на проучување на дијалектологијата (јазик, дијалект, говор, наречје) | 1 |
| 16. | Значењето на дијалектологијата во проучувањето на македонскиот јазик; развојот на македонската дијалектолошка наука и нејзините претставници | 1 |
| 17. | Дијалектна диференцијација на македонскиот јазик (границите на македонскиот јазик); фактори на дијалектното диференцирање македонскиот јазик | 1 |
| 18. | Структурни карактеристики релевантни за дијалектната диференцијација на македонските дијалекти: дијалектни разлики во фонетиката, фонологијата и морфологијата | 2 |
| 19. | Дијалектни разлики во синтаксата и лексиката | 2 |
| 20. | Западно македонско наречје | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Југоисточно македонско наречје | 2 |
| 22. | Северно македонско наречје | 2 |
| 23. | Ономастички проучувања во македонската наука за јазикот: топономастика и антропономастика и нивните делови | 1 |
| | Вкупен број на часови за реализација на нови содржини од ова подрачје | **44** |

| Ред бр. | <u>Програмско подрачје Литература</u><br><br>Наставни единици | Број на предложени часови за реализација |
|---|---|---|
| 1. | Реализам - натурализам (19 век) | 2 |
| 2. | Антон Павлович Чехов<br>(избор од расказите) | 2 |
| 3. | Реализмот во светската литература (20 век) | 1 |
| 4. | Михаил Шолохов „Раскази“ | 2 |
| 5. | Томас ман „Смртта во Венеција“ | 2 |
| 6. | Модернизмот во светската литература<br>Шарл Бодлер (избор од лириката и од песните во проза) | 2 |
| 7. | Егзистенцијализам (претставници и белези на егзистензијалистичката литература)<br>Албер Ками „Странецот“ | 2 |
| 8. | Театарот на апсурдот и новиот роман во литературата<br>Семјуел Бекет „Чекајќи го Годо“ | 2 |
| 9. | Иво Андриќ „Проклета авлија“ | 2 |
| 10. | Поим за постмодерна | 1 |
| 11. | Македонскиот роман | 2 |
| 12. | Ѓорѓи Абаџиев „Пустина“ | 2 |
| 13. | Димитар Солев „Зора зад аголот“ | 2 |
| 14. | Петре М. Андреевски „Пиреј“ | 2 |
| 15. | Живко Чинго „Големата вода“ | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Македонска лирика (избор од Конески, Шопов, Павловски) | 4 |
| 17. | Коле Чашуле „Црнила“ | 2 |
| 18. | Томе Арсовски „Парадоксот на Диоген“ | 2 |
| 19. | Горан Стефановски „Диво месо“ | 2 |
| 20. | Литература за деца; македонската наука за литературата | 2 |
| | | |
| | Вкупен број на часови за реализација на нови содржини од ова подрачје | **40** |
| | Лектири | |
| 1. | Франц Кафка „Процес“ | |
| | | |
| 2. | Ташко Георгиевски „Црно семе“ | |
| 3. | Избор од македонскиот рсказ и од најновата македонска лирика<br><br>Останатите наслови што се дадени во целосната наставна програма да се користат и поврзуваат со соодветни конкретни содржини коишто ќе бидат нивно целно појаснување и дополнување. | |
| **Се предлагаат да се реализираат две писмени работи според оваа наставна програма (една во првото и една во второто полугодие).** | | |

## 3. Дидактичко-методички препораки за планирање на наставата и учењето

Воспитно-образовната пракса е сложена, променлива и не може да се планира докрај и детално однапред да се предвиди. Наставата по предметот Македонски јазик и литература треба да обезбеди сигурна, поттикнувачка и поддржувачка средина за учење која ќе се негуваат атмосферата на интеракција и односите на почитување, соработка, одговорност и заедништво.

**Неопходни чекори што треба да се направата за успешна реализација на оваа скратена програма**

- Читање и анализа на наставната програма по македонски јазик и литература со цел да се одредат тематски целини од содржините на програмата.
- Определување теми и содржини од програмските подрачја, кои меѓусебно се поврзуваат во една целина.
- Сместување на интегрираната целина во временска рамка.
- Давање приказ, опис на севкупните активности на процесот на реализација на интегрираната целина што наставникот ќе ги употреби во спроведувањето на таа целина.

**При планирање на наставата и учењето наставникот треба да се раководи од:**

- индивидуалните разлики меѓу учениците во поглед на начинот на учење, темпото на учење и брзината на напредувањето;
- интегрираниот пристап во кој постои хоризонтална и вертикална поврзаност внатре во истиот предмет и помеѓу различните наставни предмети;
- партиципативните и кооперативните активности кои овозможуваат соработка;
- активните методи на наставата и учењето;
- претходното искуство и знаење со кои ученикот располага и од
- редовното и осмислено собирање на релевантни податоци за напредување на ученикот, оставрување на резултатите од учењето и постигнатиот степен на развој на општите и специфичните компетенци на ученикот.

Програмата за Македонски јазик и литература за гимназиско образование за прва година е усогласена со потребите за изведување настава со помал број наставни денови во согласност со условите, поделена во две подрачја. Преку подрачјето Јазик главно треба да се увежбуваат комуникациските вештини во говорена и пишана форма преку точни јазични формулации и почитување на граматиката на современиот стандарден македонски јазик. При изучувањето на наставните единици од Јазик се користат различни функционални стилови, неуметнички текстови во кои ќе можат учениците да ги препознаваат правилата кои ги изучуваат и ќе го видат нивното правилното или погрешното употребување. Преку ваквите текстови ќе можат да се реализираат и часовите за правописните правила кои се предвидени да се усвојат (иако правописни правила се усвојуваат практично на секој час). Делот со стилистика се увежбува на секој час, а на предвидените часови во скратената програма кои се издвоени за изучување на зборовите во стилистички аспект. При реализација на делот од стилистика и дијалектологија, треба да се направат соодветни поврзувања: поврзување со стекнатите знаења во усното и

писменото изразување за да се усвојат полесно и да се постигнат подобри резултати во учењето. **Бројот на часови за реализација на целите на новите наставни единици е даден ориентационо така што улогата на наставникот во планирањето и креирањето на наставата за подрачјето Јазик е многу важна, бидејќи наставникот планира и часови за обновување, утврдување и унапредување на стекнатите знаења и способности, за писмени задачи, говорни вежби, за презентација на извештаи од подолгорочни активности (проекти) и за следење и оценување на постигнувањата на учениците.**

Содржините од подрачјето Литература треба да бидат планирани и реализирани според предвидените цели, но и според резултатите од учењето и поврзувајќи ги стандардите за оценување на постигањата со цел да добијат содржини преку кои учениците ќе се оспособувате да читаат, разбираат и толкуваат добивајќи знаења кои ќе ги практикуваат на различни видови текстови.

Всушност, подрачјето Литература, преку конкретните цели и изведените резултати од учење, бара од учениците да наоѓаат, да препознаваат и да класифицираат видови текстови, да ги толкуваат и проценуваат како лирски, епски или драмски и да ги бараат нивните препознатливи елементи. Исто така, во текстовите тие треба да препознаваат информации кои ќе помогнат не само во разграничување на поединечни факти за настаните, времето и местото, туку и информации и атрибути на ликовите, стилски средства, елементи од делото кои ќе упатуваат на епохата или стилскиот правец на кој припаѓа делото. Сето тоа ќе даде можност за општо и широко разбирање на текст во одредена култура, време и дел од развојот на човековата мисла и уметност и став за истото. При изучувањето на лирските елементи во редовната програма се наброени повеќе стилски изразни средства ─ фигури на значењето, на формата и јазични изразни средства од стилистичка гледна точка, тие не се очекува да се изучат веднаш на посочениот број часови кои во оваа програма се посветуваат на најмногу на текстовите од уметничката литература, туку и во секој од часовите посветени на литература може и треба да се препознаваат и откриваат (оние кои ги има во творбата која се чита и интерпретира, текстови кои изобилуваат со со фразеолошки изрази, конкретни текстови од функционален стил).

Од наставниците се очекува за секоја наставна единица во фазата планирање и пишување на подготовката за часот, да ги дефинираат резултатите од учењето за часот кои водат до остварување на целите пропишани со програмата. При планирањето треба да се биде внимателен, бидејќи резултатите од учењето се разликуваат. Некои побрзо и полесно може да се остварат, но за повеќето од нив е потребно повеќе време и поразлични активности посебно внимание треба да се посвети во текот на непосредната подготовка за настава и тоа при планирањето и изборот на методите и техниките како и на формите за работа. Во контекст на претходно наведеното, се очекува учениците со добро смислени активности во наставата да успејат да развијат компетенции за доживотно учење преку самостојно пронаоѓање на информации, критичко размислување,

обработка на податоци на различни начини, презентација, аргументирана дискусија, покажување на иницијатива и спремност за истражувачка и друг вид на работа.

**Препораки за следење и оценување на учениците**

Следењето и оценувањето на учениците претставува дел од професионалата улога на наставникот. Од него се очекува континуирано да го следи и оценува: процесот на наставата и учењето, но и резултатите од учењето како и сопствената работа. Следењето на напредувањето и оценувањето на постигањата на учениците е формативно и сумативно. Покрај вообичаените начини на следење и оценување по пат на усно и писмено проверување, постојат и многу други начини кои наставникот може и треба да ги применува за да ги оцени објективно не само резултатите, туку и процесот на учење. Во оваа смисла по пат на набљудување на учениците, наставникот може да ги следи следниве показатели: начинот на кој ученикот учествува во активноста, како собира податоци, како аргументира и донесува заклучоци. Посебно релевантни показатели се квалитетот на поставените прашања, способноста да најде врски меѓу појавите, да наведува примери, да биде спремен да го промени своето мислење во контакт со аргументи, да разликува факти од тврдења, да прифаќа туѓо мислење, да предвидува последици и да дава креативни решенија.

Како што е познато ни еден од начините за оценување не е совршен, затоа е потребно да се комбинираат различни начини на оценување. Единствено така наставникот може да ги согледа слабите и јаките страни на ученикот. При секое оценување на постигањата потребно е на ученикот да му се даде повратна информација којашто ќе му помогне да ги разбере сопствените грешки, да ги подобри своите резултати, но и сопственото учење. Повратната информација секогаш треба да се даде навреме и таа треба да се однесува на активностите и резултатите од учењето поврзани со ученикот, а не на неговата личност. Ученикот треба континуирано на различни начини да се охрабрува да размилсува за квалитетот на својата работа и што треба да преземе за да го унапреди сопственото учење и да ги подобри своите постигања. Секако резултатите од целокупното следење и оценување наставникот ќе ги земе како основа за планирање на следните чекори во развивање и подобрување на воспитно-образовната пракса.

Од 116 часови со кои во текот на годината ќе се реализира наставата по овој предмет се предлагаат привлижен број часови за содржините од подрачјето Литература и од подрачјето Јазик. **Од посочениот број часови со кои во текот на годината ќе се реализира наставата по овој предмет се предлагаат околу половината часови да се реализираат за интепретација, утврдување и систематизирање на содржините од подрачјето литература, но и за обновување и унапредување на стекнатите знаења и способности, за разбирање и доживување на книжевните дела, за писмени задачи, говорни вежби, за презентација на извештаи од подолгорочни активности (проекти), писмени работи, лектири и за следење и оценување на постигнувањата на ученици.** Некои наставни единици/книжевни дела бараат 1 час, а некои 2

или 3, па според тоа наставникот предвидува и планира динамика на работа на часовите за интепретација, приказ или осврт, како и поврзување на наставните единици со содржини од подрачјето јазик. Уште една препорака за наставникот се однесува на компаративно поврзување и толкување на текстовите кои доаѓаат од различни историски, културни и жанровски рамки. Посебно внимание наставниците треба да обратат и на потенцирањето на различните релации кои се воспоставуваат помеѓу канонските дела на националната и светската книжевност и доминантните современи форми на уметничко изразување и презентација (современиот роман, драмскиот текст, филмот, театарската претстава, стрипот, историски-образовно содржини на телевизија и на интернет). Едно литературно дело треба да се воведува во наставата преку доживувачко и истражувачко читање, подготвените задачи и барања и преку истражувачки проекти.Толкувањето на книжевното дело може да се реализира и планира за обработка на различни нивоа (осврт, приказ, интерпретација). Книжевните појави, термини и поими се обработуваат со посредство на планирани книжевни дела во непосредната работа со примена на методички принципи и работни начела, се користат соодветни стручни методи. Методската адекватност и единството на теориски и практични поставки се клучни за успешна настава во подрачјето литаратура.

Во текот на целокупната настава учениците се обучуваат за активна примена на сите видови читање (доживувачко, истражувачко, изразно и интерпретативно, читање со белешки, а пред сè читање со разбирање, а со тоа и вреднување на книжевното дело).

Покрај читањето, како основна творечка активност треба да се организираат и конкретни творечки активности поврзани со анализираните книжевни дела. Со нивно посредство би требало да се шири интересот на учениците за книжевноста, книжевните дела и нивните автори, да се продлабочуваат и надополнуваат читачките интереси и компетенции. Творечките активности се реализираат како усна продукција (говорни вежби, дискусии, разговори, монолози, рецитации и говори), писмена продукција (пишување есеи, домашни задачи) и комбинирана продукција (реферирања и презентации). Вештината читање со разбирање подразбира читање на книжевни и други видови на тесктови со препознавање на ескплицитните и емплицитни пораки и информации во нив и откривање на причински-последичните врски меѓу елементите на содржината.

Вреднувањето на напредокот на учениците треба да биде континуиран и систематски. Се вреднува активноста на ученикот во текот на подготовка за работа и во текот на работата на часот, се вреднува учеството во работата при анализата и толкувањето на делото, се вреднува квалитетот на одговорот,аргументираните ставови, почитувањето на гледиштата на другите ученици, односот спрема работата, способноста да применува теориски знаења во конкретни ситуации.

Унапредувањето и облагодарувањето на културата на говорот и пишувањето спаѓаат во темелните вредности на изучување на овој предмет. Се препорачува воведување на есејот и запознавање на ученикот со основните одлики.

Подготовката за изработката на писмените работи е континуирана активност и не треба да се ограничува само на еден час, односно пред правењето на писмената работа.

При реализација на содржини од Јазик се препорачува:

- Воочување на јазични појави кај соодветни примери, а притоа наставникот да се води од јазичното чувство од ученикот ;
- Примена на граматичките правила;
- Увежбување;
- Користење на табели;
- Изработка на цртежи и шеми;
- Навикнување и поттикнување на учениците да користат соодветна литература, прирачници, речници, лексикони и Правопис на македонскиот јазик.

4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставник во согласност со Нормативот за наставен кадар даден во редовната (целосната) наставна програма. Скратената наставна програма по предметот Македонски јазик и литература за IV (четврта) година на гимназиското  образование ја утврди

Рег.бр. 12-8424/175
16-09-2020 г.

Министер за образование и наука
Мила Царовска